ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 30-204/7**

**Дата: 07.03.2011**

**ДО**
**МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

**Резиме**

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на сметката на буџетот од самофинансирачки активности (787) на Министерството за локална самоуправа за 2009 година.

При ревизијата на финансиските извештаи на сметката на буџет од самофинансирачки активности за 2004 година е изразено мислење без резерва и нема утврдено неправилности, така што нема дадени препораки.

За вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи за 2009 година и за усогласеноста со законите и прописите е изразено негативно мислење.

Приходите на оваа сметка на Министерството се остварени, во најголем дел од наплата на тендерска документација во изминатите години. Во 2009 година приходите изнесуваат 5,425 илјади денари, од кои 5,291 илјади денари се пренесени приходи од претходните години. Во 2009 година се добиени 134 илјади денари од Советот на Европа за одржување тркалезна маса во врска со успешноста на управувањето на локалните власти.
Министерството за локална самоуправа за 2009 година од оваа сметка платило трошоци во износ од 4,106 илјади денари, за исти намени кои се плаќаат од сметката на основниот буџет, освен за плати на вработените.
Неправилностите утврдени при плаќањата преку сметката на основниот буџет во Министерството за локална самоуправа делумно се однесуваат на оваа сметка и главно, се резултат од невоспоставените интерни контроли во Министерството.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страните 8 и 9 заедно со ревизија на усогласеност на финансиските извештаи на сметката на буџетот од самофинансирачки активности (787) на Министерството за локална самоуправа, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на сметката на буџетот од самофинансирачки активности (787) на Министерството за локална самоуправа за 2004 година. За вистинитоста и објективноста на финансиската состојба на сметката на буџетот од самофинансирачки активности (787) на Министерството за локална самоуправа под 31 декември 2004 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, како и за законското и наменското користење на средствата во финансиските трансакции е изразено мислење без резерва.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Муса Џафери – министер за локална самоуправа во 2009 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со важечката законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со важечката законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на Министерството за локална самоуправа се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на:

- финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

- усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со важечката законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел

да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјално погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. е планирана и извршена во периодот од 26.11 до 02.12.2010 во Министерството за локална самоуправа од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот – предмет на ревизија на 30. 12.2010 година.

Не се примени забелешки по нацрт извештајот на овластениот државен ревизор 12-204/2 од 18.01. 2011 година.

Со ревизијата на финансиските извештаи за 2009 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

### 3.1. Финансиски извештаи

3.1.1. Во поголем број случаи со ревизијата се утврдени плаќања во износ од 766 илјади денари, по фактури без поткрепувачка документација или приложените фактури во сметководствената документација не се оригинални. Ваквиот начин на

работење се должи на невоспоставените интерни контроли и создава ризик од ненаменско и незаконско користење на средствата.

3.1.2. Од Сметката на буџетот од самофинансирачки активности е извршено плаќање во износ од 647 илјади денари за набавка и испорака на еден учебник на македонски јазик од реномирани странски автори во областа на локалната самоуправа во тираж од 1000 примероци. Во 2010 година се испорачани и платени уште два учебника.
Согласно договорот, добавувачот е обврзан да изврши регулирање на авторските права со странските автори со писмен договор кој треба да го достави до Министерството за локална самоуправа за три учебници. Таков договор е приложен за еден учебник. Во Министерството немаат сознанија дали се склучени договори за авторските права со останатите автори, што може да резултира со дополнителни обврски за авторски права.
Во една просторија во Министерството за локална самоуправа се сместени книгите. Точниот број не се знае бидејќи нема приемница, не е извршен попис на крајот на 2009 година и не е извршено сметководствено евидентирање на книгите. Чувањето на книгите во просториите на Министерството ја доведува во прашање оправданоста на набавката на учебниците и наменското користење на средствата.

3.1.3. Во 2009 година за репрезентација од оваа сметка се платени вкупно 520 илјади денари. За дел од направените трошоци во износ од 158 илјади денари, кои се платени на четири добавувачи, кон фактурите се приложени сметки по денови (за одредени денови има повеќе сметки), во најголем дел потврдени од министерот и замeникот, но и други лица вработени во Министерството. Секојдневното плаќање на угостителски услуги без наведена намена и корисници на услугите од Министерството го зголемуваат ризикот од ненаменско и неекономично трошење на буџетските средства.

3.1.4. Од ставката Поправки и тековно одржување во 2009 година се платени трошоци во вкупен износ од 322 илјади денари поправка на три возила оштетени во сообраќајни незгоди во 2008 година (Ланд Ровер –фрееландер ЛН, Ауди А -4 и Сеат Ибица).
Не се преземени мерки за наплата на средствата кои ги признаваат осигурителните компании, со оглед дека возилата биле осигурани од автоодговорност кон трети лица, ниту пак е утврдена одговорност на вработените лица во Министерството кои ја предизвикале сообраќајната незгода.

На ревизијата не и беше доставен записник за сообраќајните незгоди од 2008 година од надлежен орган, како потврда на настанатите штети.
Со ваквото постапување е зголемен ризикот од искажување на повисоки трошоци.

Дадените препораки по точките 4.1.1.,4.3.1., 4.3.2., 4.3.3. и 4.3.4. од Нацрт извештајот за сметката на основен буџет (637) на Министерството за локална самоуправа се однесуваат и на соодветните наоди од овој извештај.

## 3.2. Користење на средствата согласно законски прописи

Со ревизијата на постапките за јавни набавки е утврдено следното:
3.2.1. За набавка на теписони донесена е одлуката за спроведување постапка во јануари 2009 година. Понудите се со архивски печат од јануари, а на понудата стои дата 20.06.2009 година. Записникот за евалуација на доставените понуди е од 28.12.2009 кога е донесена и Одлука за избор на најповолна понуда. Договорот е склучен на 03.01.2010 година на вредност од 280 илјади денари, без утврдена количина. Фактурите се со дата 03 и 10 јули 2009 година, со архивски печат од Министерството од 28.12.2009 година.
Понудите од тројцата понудувачи се неспоредливи. Понудата на понудувачот која е избрана за најповолна содржи цени за повеќе видови артикли, нема дадено вкупна вредност на понуда. При евалуацијата како вредност на понудата е земен збирот на поединечно понудените цени во вкупен износ од 4,722 денари.
Другиот понудувач нуди цени од 950 до 1,750 денари по м2., нема вкупна вредност на понудата, а понудата на третиот понудувач е со вредност од 337 илјади денари.
Ова значи дека не е можно да се изврши евалуација, но со оглед дека постапката е водена откако стоката е испорачана, за најповолен е утврден добавувачот кој веќе ја извршил работата.

## 4. Ревизорско мислење

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 3.1. финансиските извештаи не ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на сметката на буџетот од самофинансирачки активности (787) на Министерството за локална самоуправа на ден 31 декември 2009 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 3.1. и 3.2., активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на сметката на буџетот од самофинансирачки активности (787) на Министерството за локална самоуправа, не се во согласност со важечката законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Скопје, 01.03. 2011 година

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
СМЕТКА НА БУЏЕТ ОД САМОФИНАНСИРАЧКИ АКТИВНОСТИ (787)

БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2009 ГОДИНА

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2009 | 2008 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Неданочни приходи | 3.1. | 5.425 | 5.291 |
| **Вкупно приходи** | | **5.425** | **5.291** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Стоки и услуги | 3.2.1. | 3.318 | 0 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **3.318** | **0** |
| **Капитални расходи** | 3.3. | 788 | 0 |
| **Вкупно расходи** | | **4.106** | **0** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **1.319** | **5.291** |



1. Образложенијата на страните од 10 до 14 се составен дел на финансиските извештаи
2. Државен завод за ревизија

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
СМЕТКА НА БУЏЕТ ОД САМОФИНАНСИРАЧКИ АКТИВНОСТИ (787)

БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА 31.12.2009 ГОДИНА

во 000 ден.

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2009 | 2008 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 1.319 | 5.291 |
| **Вкупно тековни средства** | | **1.319** | **5.291** |
| | | | |
| **Вкупна актива** | | **1.319** | **5.291** |
| | | | |
| **Пасива** | | | |
| | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1. | 1.319 | 5.291 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **1.319** | **5.291** |
| | | | |
| **Вкупна пасива** | | **1.319** | **5.291** |

*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*
1. ____________________________
2. ____________________________ ____________________________

Образложенијата на страните од 10 до 14 се составен дел на финансиските извештаи
Државен завод за ревизија